

# АЛЕКСАНДАР СТАНКОВСКИ

## Сновиденијата на Пандалф Вулкански



*Ем апстрактна, ем милитаристичка, ем постколонијална...,*
*2005; 55x65 см*

слики на кориците од каталогот;
напред: *Ем наивна, ем постколонијална...*, 2005; 80x100 см
назад: *Ем страсна, ем постколонијална...*, 2005; 55x65 см

организација на изложбата:
Контрапункт, Скопје
дизајн: Точка™

Контрапункт, контакти:
Илинденска 38, Скопје
тел. 02 3215494;
www.kontrapunkt-mk.org
info@kontrapunkt-mk.org

Изложбата е дел од проектот „Слевање на маргините" поддржан од:

Swiss Cultural Programme Macedonia

DEZA DDC DSC SDC COSUDE

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland



„Посета" - 2005 -

„Августовска вечер - 40° C.; Во моето студио во Автокоманда пристигнаа Коља и Ѓоне. Водевме разговори околу уметноста, филозофијата и политиката. Сеуште чувствував јаки болки во грбот, резултат на нескротливата реума. До кога? Сé на сé испадна прилично весело. Коља предложи изложба во „Точка". Прифатив. Кога пријателите си заминаа, почнав да ги замислувам сликите за овој ликовен проект. Беше возбудливо. Визии шибаа како од гејзир. Тегобите попуштија...

Текст на опачината од рамката на сликата што следи

* Сите слики во каталогов се изработени во техниката масло на платно



Посета ("Глеј, ваков е планот...", му вели Пандалф Вулкански на Ацо Станковски, додека Ѓоле Јовановиќ нетрпеливо слуша), 2005; 70x100 см







*Глушоловци (Македонци се обидуваат да го докусурат ранетиот стаорец на уметноста), 2005; 70x100 см*




Текст на опачината од рамката на сликата што претходи



*Едвард Саид ѝ тврди на Гајатри Спивак дека демонот на колонијализмот е жив*, 2005; 100x80 см



*Демонот на колонијализмот е жив!*, 2005; 100x80 см




Текст на опачината од рамката на сликата што следи





Надвојводата Ле Глиш како Сандокан (Глиш скока во фатаморганата на Македонија сфатена како харем), 2005; 70x100 см



*Секс, дрога и алкохол*, 2005; 65x55 см



*Постколонијално задоволство*, 2005; 65x55 см





*Боречкиот клуб (Судир на цивилизациите), 2005; 55x65 см*



*Вулкански влегува во чудниот храм*, 2005; 65x55 см



*Дал' сум буден ил' сонувам?*, 2005; 65x55 см



*Мо́ќта има сексуални конотации, но и религиски, 2005; 65x55 см*



*Пурпурната плажа (Фалусот од златца)*, 2005; 65x55 см





Мудроста е прождрлива, 2005; 55x65 см



"Средба" - 2005,

-Една вечер во Маџар Маало со Мастерикс налетавме на двајца притаени заговорници кои незадоволни од состојбите во општеството плетеа тајни планови за бекство од градот. Подоцна откако Мастерикс ги осветли со фаровите на своето возило, сфативме дека тоа се Ал Хаким и Тешка, но веќе беше доцна. Тие брзо исчезнаа во лавиринтот на маалото.



*Средба (Автопортрет со пријатели во неуспешна акција)*, 2005; 35x45 см




*Џез*, 2003; 53x48 см







*Free jazz*, 2003; 35x20 cm

## НИКОЛА ГЕЛЕВСКИ

# За авторот и изложбата

За мене нема сомневање дека Александар Станковски е најзначајниот македонски сликар во последниве триесетина години. Ова го велам се сета одговорност и внимателност, и земајќи ја предвид сета комплексност на зборот "значаен". Велам, значи, дека Станковски е најзначајниот современ македонски сликар најмногу заради три клучни аспекти на неговата работа: големата сликарска ерудиција и страсната посветеност на сликарскиот медиум; виртуозната техника што ја поседува и што му овозможува со голема леснотија со својот кист да се движи низ историјата на уметноста; и најпосле, Станковски е особено важен за нашиот контекст зашто низ своето сликарство кај нас отвори цела низа провокативни теми кои ниту досега биле отворени ниту имале таков слоевит (додуша, најчесто мошне ироничен!) сликарски супстрат каков што им дава Станковски.

Ми се чини дека за оваа пригода е важно да се истакне токму последново: важноста на темите што во своето сликарство ги отвора Александар Станковски, и богатството и разнородноста на тие теми.

Ако се обидам да бидам аналитичен, би рекол дека во неговото творештво доминираат четири теми: *самото сликарство* (сфатено и како техника, медиум, и како некаква ризница на гестови/манири или архива на архетипски мотиви); *политиката* (често езотерична, "конспиративна" и карикатурална!); *сексот* (сфатен делумно и како еминентно сликарска тема на истражување на телото) и *пријателството* (кое можеби, како сликарски мотив, може да биде сфатено и како (шамански?!) обид на Станковски ликовите/пријателите да бидат затворени во еден фантазмагоричен креативен универзум кој едновремено е извонредна архива пред сè на скопската, да речеме, поалтернативна културна и уметничка сцена; инаку, тоа "хронологизирање" на сцената и пријателите можеби е уште покарактеристично во работата со медиумот на филмот, со кој Станковски интензивно се занимава последниве десетина години).

Кога станува збор за конкретната изложба на Александар Станковски, која е повод за текстов, "Сновиденијата на Пандалф Вулкански", важно е да се истакне (и токму затоа сметам дека тоа е една од неговите најзначајни изложби!) дека во конкретните 19 масла фино избалансирани се наоѓаат четирите "опсесивни" теми на неговото творештво низ кои се движи толку супериорно како да е овчар во ливадата со крави на историјата на уметноста! Како гледачот во еден шарен лунапарковски воз да патува низ малку деформираниот, едновремено убав и грд, страшен и разнежувачки, предел на историјата на уметноста, гледајќи пред

себе класични актови и композиции, гестови импресионистички, експресионистички, поинтилистички..., надреализам, дадаизам, поп арт, па дури и малку флуксус-објекти врз сликите...

Да, има многу деконструкција, но има и многу љубов, многу посветеност, како што впрочем и треба да биде кога работите ем сурово ем деликатно се растураат...

Една од клучните "деконструктивистички стратегии" на Станковски е хуморот, се разбира, кој можеби е највидливиот аспект на неговите дела, а особено на конкретнава изложба. Но, јасно треба да се каже дека неговата иронија и хумор всушност имаат деконструктивистичка жичка во однос токму на историјата на уметноста. Сакам да кажам дека Станковски едновремено е фасциниран и длабоко посветен на сликарскиот медиум, но и дека тој, од друга страна, постојано и понекогаш многу радикално ги преиспитува границите на тој медиум, и во смисла на техниките и во смисла на темите. Таа страсна амбиваленција е една од клучните точки во творештвото на Александар Станковски, но таа амбиваленција е клучна, ми се чини, и за секоја навистина длабоко посветена уметничка практика. Уметноста нема никаква смисла ако не руши, особено ако не ги руши општите места, клишеата, стереотипите, предвидливите алегории и симболики кои со текот на времето станале испразнети од подлабоки значења. Но, знаејќи ја моќта на општите места, знаејќи ја моќта и на сликарските техники кои со текот на времето сами по себе стануваат иконични и манирнистички, Станковски се обидува да ја разбие препознатливоста на прв поглед, лесните и брзите формули на читање, и да ни ја понуди амбивалентноста во сета нејзина раскош: ем го сака сликарството до последниот пигмент, ем постојано иронично го исмева, не воздржувајќи се понекогаш да го изобличи во карикатуралност - како што некогаш правеа Гоја или Пикасо. Кога го употребува карикатуралниот манир Станковски ја избегнува опасноста да биде површен и илустративен и ја користи карикатуралноста повеќе како елемент што го нарушува предвидливиот поредок, како знак на длабочина, на техничка супериорност, на алузија кон нему блиските медиуми на стрипот и филмот; освен тоа, често присутната карикатуралност на сликите на Станковски е одличен контрапункт на експресивноста и на сликарската виртуозност која преку искривувањето се преиспитува самата себеси. Карикатуралноста е опасна за сликарството, но кога ќе преминете одредена граница работите величествено се спојуваат.

Ќе биде појасно она што го зборувам ако се повикаме на античкото разбирање на уметноста како tehne: вештина на создавање и произведување. Но, таа важна димензија на уметноста кога таа, создавајќи хармонични предмети, се ослободува од друштвото на филозофијата и технологијата, секогаш е поврзана со второто значење на уметноста: ars. Уметноста, значи, станува ars (спојување) тогаш кога произведените нешта, ќе покажат величествено заедништво.
Тој порив, и во рамките на самиот медиум на сликарството, но и надвор од него, "произведените нешта да покажат величествено заедништво", ми се чини дека е една од главните карактеристики на целокупното творештво на Станковски. Но, велам, можеби тоа е единствената насока во која уметноста треба да оди: да ги пречекорува сопствените рамки и постојано да освојува нови територии и уште повисоки нивоа на синтези?! Можеби клучната особина на уметноста токму лежи во напнатоста помеѓу tehne и ars, помеѓу произведувањето и спојувањето?!
На ова место, значи, би сакал да ја истакнам важноста и влијанието на други медиуми врз сликарството на Станковски; филмот и стрипот, пред сѐ. Преобликувањето на медиумот не само што во себе содржи нешто ослободувачко туку и ги поместува границите на медиумот; а самите сме свесни колку многу последниве двесте години се поместени границите на ликовната уметност. Како што, на пример, Питер Гринавеј пред сѐ од позиции на бескрајно рафиниран ликовен уметник го преобликува филмот како медиум, слично и Станковски го преобразува сликарството, приближувајќи го кон некои понаративни медиуми, но задржувајќи го сиот огромен респект кон својот базичен медиум на изразување.
Како сета творечка енергија на Станковски да се врти околу двата гнили стапа на Музил, оските околу кои се врти целокупниот наш живот: од копнеж до гадење, и назад, една иста постојана осцилација. Во едно раскасче, пред петнаесетина години, мојот другар Ацо го нареков: "ѕверен страв од совршенство". Има нешто многу длабоко сликарски во понекогаш ѕверски објективниот поглед ("ѕверењето"), но и во стравот од совршенство има нешто длабоко сликарско, уметничко, творечко-магиско, всушност. Ацо влегува во некои зрели авторски години кога сѐ уште има многу сила, но веќе многу појасно, од мочуриштето на гадењето, изѕиркуваат тревките, малите оски на копнежот. Се разбира, тие благи преобразби на балансите создаваат малку поинакви биланси и внесуваат уште поголема сила во неговите слики. Што впрочем јасно се гледа на изложбата која ме поттикна да го напишам овој текст.

# АЛЕКСАНДАР СТАНКОВСКИ

1959 роден во Кичево, Македонија
1985 дипломирал на Факултетот за ликовни уметности, Скопје
1988 студиски престој во Њујорк, Чикаго и Сан Франциско

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

2005 - Сновиденијата на Пандалф Вулкански, Културен центар Точка, Скопје
- Пенетрација во ЕУ, перформанс, Press to Exit Галерија, Скопје
- Маклабас, видео проекција, Културен дом, Велес
2004 Неидентификувано, Национаелен музеј, Велес
2002 Музеј на град Скопје, Скопје
1997 Музеј на град Скопје, Скопје
1994 Nightary, видео проекција 124 мин., (ко-автор Ж. Вангели), Музеј на современа уметност, Скопје
1991 Schoultke Galerie, Келн
1989 Bank fur Sozialwirtschaft, Келн
1988 Hallway Gallery, Peninsula Museum of Art, Монтреј
1987 Kunst onder de toren, Бреда
1986 Галерија Хронос, Загреб
1985 Галерија 25 Мај, Скопје
1984 Дом омладине Будо Томовиќ, Подгорица
1980 Дом на ЈНА, Скопје

# ALEKSANDAR STANKOVSKI

1959 born in Kicevo, Macedonia
1985 graduated at the Faculty of Fine Arts, Skopje, Macedonia
1988 artist in residence in New York, Chicago and San Francisco

## SELECTED SOLO EXHIBITIONS

2005 The adventures of Pandalf, Cultural Center Tocka, Skopje
Penetration to EU, performance, Press to Exit Gallery, Skopje
Maklabas, video projection, Kulturen dom, Veles
2004 Unidentified, National Museum, Veles
2002 Museum of the City of Skopje, Skopje
1997 Museum of the City of Skopje, Skopje
1994 Nightary, video projection, 124 min., (co-author Z.Vangeli), Museum of Contemporary Art, Skopje
1992 Schultke Gallery, Cologne
1989 Bank fuer Sozialwirthschaft, Cologne
1988 Hallway Gallery, Peninsula Museum of Art, Monterey
1987 Kunst onder de Toren-Gallery, Breda
1986 Chronos Gallery, Zagreb
1985 Esplanada Gallery, Zagreb
1984 25.Maj Gallery, Skopje
1980 JNA Gallery, Skopje

## SELECTED GROUP EXHIBITIONS

2005 Dialogues, National Gallery, Skopje
Religion and Art, MC Gallery, New York
Kulturna Ofanziva, Museum of Vasil Glavinov, Veles
2004 60 Years of ASNOM, Macedonian Academy of Arts and Sciences
Multiplication - The Macedonian Way, Museum of the City of Skopje
Her und Hin, K & S Gallery, Berlin
One must draw a line somewhere, Press To Exit Gallery, Skopje
Politics for a New Past, Marronier Art Center, Seoul

Cosmopolis: Microcosmos-Macrocosmos, Museum of Contemporary Art,The Costakis Collection, Thessaloniki

2003 Blood & Honey, Kunst der Gegenwart, Sammlung Essl, Vienna
The conceptual discourse in Macedonian art, Museum of Contemporary Art, Skopje
Alternative, Film and Video Festival, Belgrade
Dialogues, UNESCO, Paris, Rome, Podgorica

2002 Auf der Suche nach Balkanien, Neue Galerie am Landesmuseum Joanneum, Graz
The Big Framing, Museum of Contemporary Art, Skopje
Body thinks, Open Graphic Art Studio, Museum of the City of Skopje
East Art Map, Artforum in New Moment
Skopje Rising, Contemporary Macedonian Experimental Video, Colectiff Jeune Cineme, Cinema Clef, Paris

2001 International Film Festival Sofia, Sofia
Comics in Motion, Museum of Contemporary Art, Skopje
Oberhausen Film and Video Festival, Oberhausen
Devenirs, National Gallery of Art, Tirana,
The Kosovo Art Museum, Pristina; City Art Museum, Ljubljana; HDLU, Zagreb; Chapelle de la Sorbonne, Paris
Comics in Lift, Museum of Contemporary Art, Skopje

1999 Aspekte, Positionen, 50 Jahre Kunst aus Mitteleuropa 1949-1999,
Vienna, Museum Moderner Kunst Stiftung Ludwig Wien
Budapest, Museum of Contemporary Art - Ludwig Museum Budapest;
Barcelona, Fondacion Miro;
Southampton, Hansard Gallery/City Gallery
Spring in Tirana, International Film Festival, Academy of Theatre and Film, Tirana
International Film Festival Brothers Manaki, Bitola
Digitale Autonomie 99. Cinemathek Koeln, Museum Ludwig, Cologne

1998 Selection 98, Art Gallery, Strumica
The Extension of the Frame - New Macedonian Photography, Art Gallery, Bitola & Art Gallery, Kumanovo
Portrait: 1111, Fourth Annual Exhibition of SCCA-Skopje, Art City, Havzi Pasini Konaci, Skopje
Portraits of Adolf Hitler, Art Gallery, Ohrid

1997 Desire Machines, Yildiz University, Istanbul

1996 Der Blick ins Freie, video-art pro jection, Deutsches Filmmsuseum, Frankfurt

1995 9 1/2: New Macedonian Art", Museum of Contemporary Art, Skopje
Art, Resistance and the English Garden, N.D.Marquardt Gallery, Paris; Centre Andre Malraux, Sarajevo

1994 Project for Europe, N.D.Marquardt Gallery, Kultyrby, Copenhagen
Image Box, The First Annual Exhibition of the Soros Center for Contemporary Arts-Skopje, Cultural Center Mala Stanica, Skopje
2 Videonights, Kunstverein Aschaffenburg, Aschaffenburg

1993 Order/Chaos, Museum of the City of Skopje, Skopje
Kokino, video-art projection, 93 min., Manaki Cinema, Skopje

1992 World Wide Video Festival Den Haag, Den Haag

1991 Burning of Maya, Kunstmesse Koeln, Cologne
Art enemies, Am Schlachthof, Cologne

1990 Zero, Institute for Eastern European Art, Cologne

1989 Shiva Shakti, Museum of Macedonia, Skopje

1988 Anthology of Yugoslav Video-Art, Art in Space, New York
Rebirthing, Am Schlachthof, Cologne

1986 Crisis, Museum of Contemporary Art, Skopje

1985 Gesture, Expression, Action, Museum of Macedonia, Skopje

декември/јануари 2005/06

Културен центар Точка

